ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

**ПОВИК БРОЈ 06/2023 – МЕНТОРСКА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ МЕДИУМИ**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува повик за набавка.

**Предмет на набавка**

Во рамките на проектот „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" спроведуван од Институтот за стратешки истражувања и едукација од Скопје, ќе биде овозможена менторска поддршка на локални медиуми. Форматот на медиумот може да биде телевизија, радио, интернет портал, весник и слично.

Повикот е отворен за субјекти кои работат во Скопскиот Плански Регион, Полошкиот Плански Регион, Пелагониски Плански Регион и/или Источниот Плански регион. При изборот ќе води сметка за географскиот критериум. Во рамки на повикот ќе бидат избрани три субјекти.

Област на делување: менторската поддршка е наменета за локални медиуми кои работат во областите на јавни претпријатија, заштита на укажувачи, антикорупциски практики, локална самоуправа, и транспарентност и отчетност.

Менторската поддршка се состои од:

- Процена на постојните организациони капацитети која се состои во процена на:
    - Можности за подготовка на истражувачка сторија и спроведување на истражување
    - Можности за соработка со локалниот граѓански сектор и локалните власти
    - Можност за организација на внатрешните човечки и финансиски капацитети на медиумот
- Анализа на потенцијалните можности за развој која има за цел да даде соодветни препораки за подобрување на капацитетите и поефикасна работа.

Менторската поддршка ќе биде спроведена од страна на ментор обезбеден од страна на ИСИЕ. Трошоците за менторската поддршка се на товар на ИСИЕ.

Во рамките на менторската поддршка предвидена е подготовка и објавување на три стории. За подготовка и изработка на сториите ИСИЕ ќе ги надомести трошоците во висина од 250 американски долари во денарска противвредност во бруто износ. Рокот за подготовка на сториите е два месеци од денот на склучување на договор.

Начин на пријавување: Се доставува писмо за пријава во која се дава краток опис на активностите на апликантот во кој особено се наведува: податоци за назив/име на апликант, биографија или доказ за регистрација (ако се пријавува како правно лице), време на делување, листа на тековни и претходни релевантни објавени истражувачки стории.

Писмото за пријава се доставува најдоцна до **31.03.2023 година** на следната електронска пошта: isie@mail.org со назнака „пријава за оглас бр. 06/2023“.

Датум на објава на оглас: 23.03.2023 година